ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 16 – 208/9

Дата: 12.04.2018

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавната здравствена установа Институт за јавно здравје - Скопје (во понатамошниот текст – ЈЗУ ИЈЗ) на сметка за донации за 2016 година.

Со извршената ревизија за 2016 година изразивме мислење без резерва во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

Не е вршена ревизија, ниту сме дале било каков извештај за финансиските извештаи на Клиниката за сметката за донации за годините кои и претходат на годината која е предмет на ревизија.
На ден 07.03.2018 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година на ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Македонија Скопје бр. 16-208/1 и 16 – 208/2 од 02.02.2018 година, од раководното лице д-р Шабан Мемети, вршител на должноста директор на ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Македонија - Скопје заведени во Државниот завод за ревизија под број  16-208/6 од 07.03.2018 година.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните од 5 до 7 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на Јавната здравствена установа Институт за јавно здравје - Скопје на сметката за донации, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува на тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Институтот за сметката за донации за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, се одговорност на раководството на клиниката застапувано од:

- Д-р Шабан Мемети – в.д. директор од 27.10.2009 година

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се остварени/користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 11.09.2017 до 10.11.2017 кај Јавната здравствена установа Институт за јавно здравје - Скопје од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 22.12.2017 година.
На ден 07.03.2018 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година на ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Македонија Скопје бр. 16-208/1 и 16 – 208/2 од 02.02.2018 година, од раководното лице д-р Шабан Мемети, вршител на должноста директор на ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Македонија - Скопје заведени во Државниот завод за ревизија под број 16-208/6 од 07.03.2018 година.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Јавната здравствена установа Институт за јавно здравје - Скопје на ден 31 декември 2016 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавната здравствена установа Институт за јавно здравје - Скопје, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2016 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2016 | 2015 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 119 | 3 |
| Трансфери и донации | 3.797 | 2.403 |
| **Вкупно приходи** | **3.916** | **2.406** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 1.509 | 1.781 |
| **Вкупно тековни расходи** | **1.509** | **1.781** |
| **Вкупно расходи** | **1.509** | **1.781** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **2.407** | **625** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **2.407** | **625** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **2016** | **2015** |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 2.407 | 625 |
| Побарувања од вработените | 2 | 202 |
| **Вкупно тековни средства** | **2.409** | **829** |
| **Вкупна актива** | **2.409** | **829** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 0 | 2 |
| Краткорочни финансиски обврски | 2 | 202 |
| Пасивни временски разграничувања | 2.407 | 625 |
| **Вкупно тековни обврски** | **2.409** | **829** |
| **Вкупна пасива** | **2.409** | **829** |